**20090941803**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 77 од Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005, 47/2006, 42/2007 и 86/2008), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАСЦИТЕ ЗА ОРУЖЈЕТО И МУНИЦИЈАТА И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат образецот на барањето за издавање одобрение за набавување на оружјето, делови за оружје и муниција, барањето за заменување на дозволата за оружје издадена од надлежен орган на друга држава, барање за регистрирање на оружје, барање за регистрирање на колекционерско оружје, барање за замена на постојните дозволи, одобрението за набавување на оружје, делови за оружје и муниција, одобрение за набавување на колекционерско оружје, дозволата за оружје, дозволата за поседување на оружје и дозволата за носење на оружје, дозвола за колекционерско оружје, потврдата за поседување на оружје, потврда за пријавено оружје од Д категорија, потврда за огненото оружје што е трајно онеспособено за употреба, одобрение за производство, поправање, промет или превоз на оружје и муниција, одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција, потврда (сертификат) за краен корисник, одобрение за набавување и изнесување на оружје и муниција од државата, одобрение за внесување на оружје и муниција, одобрение за внесување оружје и муниција издадено од дипломатско - конзуларното претставништво, одобрение за поседување и носење на ловечко оружје за време на лов во државата, одобрение за пренесување на спортско оружје, одобрение за транзит на оружје и муниција, одобрение за основање на стрелишта и за начинот на водење на евиденции на оружје и муниција.

Член 2

Образецот на барањето за издавање одобрение за набавување на оружје, делови за оружје и муниција е составен од четири посебни обрасци и тоа од: барање за издавање на одобрение за набавување на оружје, барање за издавање на одобрение за набавување на делови за оружје, барање за издавање на одобрение за набавување на муниција и барање за издавање на одобрение за набавување на колекционерско оружје.

Образецот на барањето за издавање одобрение за набавување на оружје е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 x 30 см и содржи три нумерирани страници.

Во барањето од став 2 на овој член се запишуваат податоците за: подносителот на барањето за издавање одобрение за набавување на оружје (физичко или правно лице); се заокружуваат податоците за оружјето за кое се поднесува барањето, причините за набавување на оружјето, оружјето за кое се поднесува барање за набавување и кое се поседува; видот на дозволата чие издавање се бара, датум и место на поднесување на барањето и потписот на подносителот на барањето (Образец број 1).

Образецот на барањето за издавање на одобрение за набавување на делови за оружје е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 x 30 сантиметри.

Во барањето од став 4 на овој член се запишуваат податоците за: подносителот на барањето за издавање одобрение за набавување на делови за оружје (физичко или правно лице); оружјето за кое се поднесува барање за набавување на делови за оружје и кое се поседува (категорија, вид односно тип, марка, калибар и фабрички број) и дозволата за оружје (регистарски број,

датум на издавање и надлежен орган за издавање на дозволата за оружје); видот на деловите за чие набавување се бара одобрение, причините за набавување на деловите за оружје; датум и место на поднесување на барањето и потписот на подносителот на барањето (Образец број 2).

Образецот на барањето за издавање на одобрение за набавување на муниција е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 x 30 сантиметри.

Во барањето од став 6 на овој член се запишуваат податоците за: подносителот на барањето за издавање одобрение за набавување на муниција (физичко или правно лице); оружјето за кое се поднесува барање за набавување на муниција и кое се поседува (категорија, вид односно тип, марка, калибар и фабрички број) и дозволата за оружје (регистарски број, датум на издавање и надлежен орган за издавање на дозволата за оружје); количина и калибар на муниција за чие набавување се бара одобрение, причините за набавување на муницијата; датум и место на поднесување на барањето и потписот на подносителот на барањето (Образец број 3).

Образецот на барањето за издавање на одобрение за набавување на колекционерско оружје е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 x 30 сантиметри и содржи три нумерирани страници.

Во барањето од став 8  на овој член се запишуваат податоците за: подносителот на барањето за издавање одобрение за набавување на оружје (физичко лице); оружјето за кое се поднесува барање за набавување (се заокружуваат податоците за оружјето за кое се поднесува барањето); оружјето кое веќе се поседува; причините за набавување на оружјето; датум и место на поднесување на барањето и потписот на подносителот на барањето (Образец број 4).

Член 3

Образецот на барањето за заменување на дозволата за оружје издаден од надлежен орган на друга држава е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 x 30 см и содржи две нумерирани страници.

Во барањето од ставот 1 на овој член се запишуваат податоците за: подносителот на барањето за заменување на дозволата за оружје; државата каде е издадена дозволата, регистарски број и орган на издавање, број на патна исправа, датум на пријавено живеалиште или престојувалиште во Република Македонија, податоци за датумот и граничниот премин на кој оружјето е пријавено и пренесено,  оружјето кое го поседува ( се заокружуваат податоците за оружјето); датум и место на поднесување на барањето и потписот на подносителот на барањето (Образец број 5).

Член 4

Образецот на барањето за регистирање на оружје е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 x 30 сантиметри.

Во барањето од став 1 на овој член се запишуваат податоците за: подносителот на барањето за регистрирање на оружјето (физичко или правно лице); оружјето за кое се поднесува барање за регистрирање на оружјето (категорија, вид, односно тип, марка, калибар и фабрички број); број на одобрение врз основа на кое е набавено оружјето, датум и орган на издавање на одобрението, датум и место на поднесување на барањето и потписот на подносителот на барањето (Образец број 6).

Член 5

Образецот на барањето за регистирање на колекционерско оружје е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 x 30 сантиметри.

Во барањето од став 1 на овој член се запишуваат податоците за: подносителот на барањето за регистрирање на оружјето (физичко лице); оружјето за кое се поднесува

барање за регистрирање на оружјето (категорија, вид, односно тип, марка, калибар и фабрички број); број на одобрение врз основа на кое е набавено оружјето, датум и орган на издавање на одобрението, датум и место на поднесување на барањето и потписот на подносителот на барањето (Образец број 7).

Член 6

Образецот на барањето за замена на постојните дозволи за оружје е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 х 30 сантиметри и содржи две нумерирани страници.

Во барањето од став 1 на овој член се запишуваат податоците за: подносителот на барањето за замена на постојните дозволи за оружје (физичко или правно лице); оружјето за кое се поднесува барање за замена на постојната дозвола за оружје (категорија, вид, односно тип, марка, калибар и фабрички број) и дозволата за оружје (регистарски број, датум на издавање и надлежен орган за издавање на дозволата за оружје); датум и место на поднесување на барањето и потписот на подносителот на барањето (Образец број 8).

Член 7

Образецот на одобрението за набавување на оружјето, делови за оружје и муниција е составен од четири посебни обрасци и тоа од: одобрение за набавување на оружје, одобрение за набавување на делови за оружје, одобрение за набавување на муниција и одобрение за набавување на колекционерско оружје.

Образецот на одобрението за набавување на оружје е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 х 30 сантиметри.

Во одобрението од ставот 2 на овој член се запишуваат податоците за: физичкото или правното лице на кое му се одобрува набавување на оружје, оружјето кое се набавува, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган.

Во одобрението од ставот 2 на овој член, во долниот дел е содржана потврда, во која трговското друштво регистрирано за промет со оружје ги запишува своите податоци и податоците за: физичкото или правното лице на кое му е продадено оружје, бројот на одобрението; оружјето кое е купено (категорија, вид, односно тип, марка, калибар и фабрички број); датум и место на пополнување на потврдата; место за печат и потпис на продавачот на трговското друштво (Образец број 9).

Образецот на одобрението за набавување на делови за оружје е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 х 30 сантиметри.

Во одобрението од ставот 5 на овој член се запишуваат податоците за: физичкото или правното лице на кое му се одобрува набавување на делови за оружје, делот за оружјето кој се набавува, оружјето кое се поседува и за кое се набавува делот за оружје (категорија, вид, односно тип, марка, калибар и фабрички број), како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган.

Во одобрението од ставот 5 на овој член, во долниот дел е содржана потврда, во која трговското друштво регистрирано за промет со оружје ги запишува своите податоци и податоците за: физичкото или правното лице на кое му е продаден делот за оружје, бројот на одобрението; делот за оружјето кое е купено; оружјето за кое се набавува делот за оружје (категорија, вид, односно тип, марка, калибар и фабрички број) датум и место на пополнување на потврдата; место за печат и потпис на продавачот на трговското друштво (Образец број 10).

Образецот на одобрението за набавување на муниција е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 х 30 сантиметри.

Во одобрението од ставот 8 на овој член се запишуваат податоците за: физичкото или правното лице на кое му се одобрува набавување на муниција, количина и калибар на муниција чие набавување се одобрува, оружјето кое се поседува и за кое се набавува муниција (категорија,

вид, односно тип, марка, калибар и фабрички број), како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган.

Во одобрението од ставот 8 на овој член, во долниот дел е содржана потврда во која трговското друштво регистрирано за промет со оружје ги запишува своите податоци и податоците за: физичкото или правното лице на кое му е продадена муницијата, бројот на одобрението; муницијата која е купена (количина и калибар); оружјето за кое се набува муниција (категорија, вид, односно тип, марка, калибар и фабрички број), датум и место на пополнување на потврдата; место за печат и потпис на продавачот на трговското друштво (Образец број 11).

Образецот на одобрението за набавување на колекционерско оружје е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 x 30 сантиметри.

Во одобрението од ставот 11 на овој член се запишуваат податоците за: физичкото лице на кое му се одобрува набавување на оружје, оружјето кое се набавува, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган.

Во одобрението од ставот 11 на овој член, во долниот дел е содржана потврда, во која трговското друштво регистрирано за промет со оружје ги запишува своите податоци и податоците за: физичкото лице на кое му е продадено оружје, бројот на одобрението; оружјето кое е купено (категорија, вид, односно тип, марка, калибар и фабрички број); датум и место на пополнување на потврдата; место за печат и потпис на продавачот на трговското друштво (Образец број 12).

Член 8

Образецот на дозволата за оружје е изработен во форма на книшка со големина 8,8 x 12,5 см и содржи корици и петнаесет нумерирани страници, пришиени со заштитен конец.

Кориците на дозволата за оружје се изработени од скај со сина боја, а внатрешните страници се изработени од специјална хартија со соодветни механички карактеристики, во светло сина боја и во долниот дел на страниците, како и на внатрешната страна на задната корица се испишани ознаката за називот на дозволата за оружје „ДО“ и на перфориран начин серискиот број на дозволата.

На предната корица, во средината на горниот дел, со златни букви е испишано „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, под тоа отпечатен е грбот на Република Македонија во златна боја, а во средината на долниот дел, со златни букви е испишано „ДОЗВОЛА ЗА ОРУЖЈЕ“.

На првата страница, во средината на горниот дел, е испишано „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, а под тоа „ДОЗВОЛА ЗА ОРУЖЈЕ“.

На втората страница, се запишуваат податоците за дозволата за оружје (тип, односно вид на дозволата, датум на нејзино издавање и важење) и податоците за имателот на дозволата за оружје (име и презиме, датум и место на раѓање, ЕМБГ и државјанство) и по запишувањето на податоците, врз целата страница се става заштитна фолија.

На третата страница се запишуваат податоците за имателот на дозволата за оружје (живеалиште, односно престојувалиште и промена на живеалиште, односно престојувалиште); регистарски број на дозволата за оружје; надлежниот орган за издавање и датум на издавање на дозволата за оружје; надлежниот орган за замена на дозволата за оружје при промена на живеалиштето, односно престојувалиштето на имателот на дозволата за оружје; датумот на извршената замена на дозволата за оружје; регистарски број на заменетата дозвола за оружје; потпис на овластеното лице во надлежниот орган за издавање и замена на дозволата за оружје и печат на надлежниот орган за издавање и замена на дозволата за оружје.

Од четвртата до тринаесетата страница се запишуваат датум на регистрација на оружјето, податоците за секое парче на оружје за кое важи дозволата за оружје (категорија, тип, односно вид; марка; модел; калибар и фабрички број на оружјето); податоците за производителот на оружјето; податоците за дозволата за оружје и

регистарски број на одобрението врз основа на кое е набавено оружјето; потпис на овластеното лице во надлежниот орган за издавање на дозволата за оружје; печат на надлежниот орган за издавање на дозволата за оружје; податоците во случај на оттуѓување на оружјето (датум на одјавување и поништување на оружјето; потпис на овластеното лице во надлежниот орган за издавање на дозволата за оружје; печат на надлежниот орган за издавање на дозволата за оружје и забелешка).

Четиринаесетата страница е празна, а на петнаесетата страница, во средината на горниот дел е испишано „НАПОМЕНИ“, а по тоа е отпечатен текст на извадоци од Законот за оружјето (Образец број 13).

Член 9

Образецот на дозволата за поседување на оружје е изработен во форма на книшка со големина 8,8 х 12,5 см и содржи корици и петнаесет нумерирани страници, пришиени со заштитен конец.

Кориците на дозволата за поседување на оружје се изработени од скај со сина боја, а внатрешните страници се изработени од специјална хартија со соодветни механички карактеристики, во светло сина боја и во долниот дел од страниците, како и на внатрешната страна на задната корица се испишани ознаката за називот на дозволата за поседување на оружје „ДПО“ и на перфориран начин серискиот број на дозволата.

На предната корица, во средината на горниот дел, со златни букви е испишано „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, под тоа отпечатен е грбот на Република Македонија во златна боја, а во средината на долниот дел, со златни букви е испишано „ДОЗВОЛА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ“.

На првата страница, во средината на горниот дел е испишано „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, а под тоа „ДОЗВОЛА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ“.

На втората страница, се запишуваат податоците за имателот на дозволата за поседување на оружје (фирма; седиште и даночен број на правното лице или неговата подружница); податоците за дозволата за поседување на оружје (датум на нејзино издавање и важење); надлежен орган за издавање на дозволата за поседување на оружје; потпис на овластеното лице во надлежниот орган за издавање на дозволата за поседување на оружје и печат на надлежниот орган за издавање на дозволата за поседување на оружје и по запишувањето на податоците, врз цела страница се става заштитна фолија.

Од третата до тринаесетата страница се запишуваат причини поради кои се поседува оружјето; податоците за секое парче на оружје за кое важи дозволата за поседување на оружје (категорија; тип, односно вид; марка; калибар; модел и фабрички број на оружјето); податоците за производителот на оружјето; регистарски број на дозволата за поседување на оружје; потпис на овластеното лице во надлежниот орган за издавање на дозволата за поседување на оружје и печат на надлежниот орган за издавање на дозволата за поседување на оружје; податоци во случај на отуѓување на оружјето (датум на одјавување и поништување на оружјето; потпис на овластеното лице во надлежниот орган за издавање на дозволата за поседување на оружје; печат на надлежниот орган за издавање на дозволата за поседување на оружје и забелешка).

Четиринаесетата страница е празна, а на петнаесетата страница, во средината на горниот дел е испишано „НАПОМЕНИ“, а по тоа е отпечатен текст на извадоци од Законот за оружјето (Образец број 14).

Член 10

Образецот на дозволата за носење на оружје е изработен во форма на книшка со големина 8,8 х 12,5 см и содржи корици и петнаесет нумерирани страници, пришиени со заштитен конец.

Кориците на дозволата за носење на оружје се изработени од скај со сина боја, а внатрешните страници се изработени од специјална хартија со соодветни механички карактеристики, во светло сина боја и во долниот дел од страниците, како и на внатрешната страна на задната корица се испишани ознаката за називот на дозволата за носење на оружје „ДНО“ и на перфориран начин серискиот број на дозволата.

На предната корица, во средината на горниот дел, со златни букви е испишано „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, под тоа отпечатен е грбот на Република Македонија во златна боја, а во средината на долниот дел, со златни букви е испишано: „ДОЗВОЛА ЗА НОСЕЊЕ НА ОРУЖЈЕ“.

На првата страница, во средината на горниот дел е испишано „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, а под тоа „ДОЗВОЛА ЗА НОСЕЊЕ НА ОРУЖЈЕ“.

На втората страница, се запишуваат податоците за правното лице што поседува оружје врз основа на дозвола за поседување на оружјето (фирма; седиште, односно адреса и даночен број на правното лице) или неговата подружница (назив; седиште, односно адреса) и по запишувањето на податоците, врз цела страница се става заштитна фолија.

На третата страница, се запишуваат податоците за физичкото лице на кое му е дадено оружјето на користење (име и презиме; дата и место на раѓање; ЕМБГ; живеалиште, односно престојувалиште и адреса), а во десниот горен агол има место за фотографија со големина 3 x 3,5 см и по прицврстувањето на фотографијата и запишувањето на податоците, врз цела страница се става заштитна фолија.

На четврата страница, се запишува надлежниот орган за издавање на дозвола за носење на оружје; податоците за дозволата за носење на оружје (датум на нејзино издавање и регистарски број на дозволата за оружје); податоци за лиценцата, односно легитимацијата за вршење на работи на обезбедување на лица и имот (број; датум на нејзино издавање и важење); како и предвидено е место за потпис на овластеното лице во надлежниот орган за издавање на дозволата за носење на оружје и печат на надлежниот орган за издавање на дозволата за носење на оружје.

Од петтата до четиринаесеттата страница се запишуваат датум на регистрирањето на оружјето, причините поради кои се носи оружјето, податоците за оружјето (категорија; тип, односно вид, марка; модел/производител; калибар и фабрички број на оружјето); регистарски број на дозволата за поседување на оружје; како и предвидено е место за потпис на овластеното лице во надлежниот орган за издавање на дозволата за носење на оружје и печат на надлежниот орган за издавање на дозволата за носење на оружје и забелешка.

На петнаесеттата страница, во средината на горниот дел е испишано „НАПОМЕНИ“, а по тоа е отпечатен текст на извадоци од Законот за оружјето (Образец број 15).

Член 11

Образецот на дозволата за колекционерско оружје е изработен во форма на книшка со големина 8,8 x 12,5 сантиметри и содржи корици и петнаесет нумерирани страници, пришиени со заштитен конец.

Кориците на дозволата за колекционерско оружје се изработени од скај со сина боја, а внатрешните страници се изработени од специјална хартија со соодветни механички карактеристики, во светло сина боја. Во долниот дел на страниците, како и на внатрешната страна на задната корица се испишани ознаката за називот на дозволата за колекционерско оружје „ДКО“ и на перфориран начин серискиот број на дозволата.

На предната корица, во средината на горниот дел, со златни букви е испишано „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, а под тоа отпечатен е грбот на Република Македонија во златна боја. Во средината на долниот дел, со златни букви е испишано „ДОЗВОЛА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКО ОРУЖЈЕ “.

На првата страница, во средината на горниот дел, е испишано „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, а под тоа „ДОЗВОЛА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКО ОРУЖЈЕ“.

На втората страница, се запишуваат податоците за дозволата за колекционерско оружје (тип, односно вид на дозволата, датум на нејзино издавање и важење) и податоците за имателот на дозволата за колекционерско оружје (име и презиме, датум и место на раѓање, ЕМБГ и државјанство) и по запишувањето на податоците, врз целата страница се става заштитна фолија.

На третата страница, се запишуваат податоците за имателот на дозволата за колекционерско оружје (живеалиште, односно престојувалиште и промена на живеалиште, односно престојувалиште); регистарски број на дозволата за колкционерско оружје; надлежниот орган за издавање и датум на издавање на дозволата за колекционерско оружје; надлежниот орган за замена на дозволата за колекционерско оружје при промена на живеалиштето, односно престојувалиштето на имателот на дозволата за колекционерско оружје; датумот на извршената замена на дозволата за колекционерско оружје; регистарски број на заменетата дозвола за колекционерско оружје; потпис на овластеното лице во надлежниот орган за издавање и замена на дозволата за колекционерско оружје и печат на надлежниот орган за издавање и замена на дозволата за колекционерско оружје.

Од четвртата до тринаесетата страница се запишуваат датум на регистрација на оружјето, податоците за секое парче на колекционерско оружје за кое важи дозволата за колекционерско оружје (категорија, тип, односно вид; марка/производител; калибар; модел и фабрички број на оружјето); регистарски број на одобрението врз основа на кое е набавено оружјето; потпис на овластеното лице во надлежниот орган за издавање на дозволата за колекционерско оружје; печат на надлежниот орган за издавање на дозволата за колекционерско оружје; податоците во случај на  отуѓување на оружјето (датум на одјавување и поништување на оружјето; потпис на овластеното лице во надлежниот орган за издавање на дозволата за колекционерско оружје; печат на надлежниот орган за издавање на дозволата за колекционерското оружје и забелешка).

Четиринаесетата страница е празна, а на петнаесетата страница, во средината на горниот дел е испишано „НАПОМЕНИ“, а по тоа е отпечатен текст на извадоци од Законот за оружјето  (Образец број 16).

Член 12

Образецот на потврдата за поседување на оружје е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 x 30 см.

Во потврдата од ставот 1 на овој член се запишуваат податоците за: имателот на дозволата за оружје; регистарски број на дозволата за оружје која се заменува и орган на издавање, оружјето кое се поседува (категорија, вид, односно тип, марка, калибар и фабрички број), како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган.

Во долниот дел на потврдата од став 1 на овој член, се испишани зборовите „НАПОМЕНА: Со оваа потврда оружјето не може да се употребува (Образец број 17).

Член 13

Образецот на потврдата за пријавено оружје од Д категорија е во правоаголна форма, во сина боја, со димензии 8, 8 x 12, 5 сантиметри и содржи насловна страна и три нумерирани страници.

На насловната страна, во средината на горниот дел, со црни букви е испишано „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, а под тоа отпечатен е грбот на Република Македонија во златна боја. Во средината на насловната страна, со црни букви е испишано:„ПОТВРДА ЗА ПРИЈАВЕНО ОРУЖЈЕ ОД Д КАТЕГОРИЈА“ . Во долниот дел, се испишани ознаката за

називот на потврдата за пријавено оружје од Д категорија „П“ и серискиот број на потврдата.

На првата страница, се запишуваат податоците за: имателот на потврдата за пријавено оружје од Д категорија (физичкото или правното лице).

На втората страница, се запишуваат податоците за: оружјето за кое важи потврдата (категорија, тип односно вид, марка, модел/производител, калибар и фабрички број на оружјето), регистарски број на потврдата за пријавено оружје од категорија Д , надлежен орган и датум на нејзино издавање, надлежниот орган за издавање на потврдата за пријавено оружје од Д категорија, како и предвидено е место за потпис на овластеното лице во надлежниот орган за издавање на потврдата и печат на надлежниот орган за издавање на потврдата.

На третата страница, во горниот дел се запишуваат податоците за промена на живеалиште, односно престојувалиште на физичкото лице, односно седиште на правното лице иматели на потврдата, надлежен орган кој ја извршил промената како и предвидено е место за потпис на овластеното лице во надлежниот орган кој ја извршил промената и печат на надлежниот орган кој ја извршил промената.

Во долниот дел на третата страница се запишуваат податоци за одјавување и поништување на потврдата во случај на отуѓување на оружјето, потпис на овластеното лице во надлежниот орган за одјавување и поништување на потврдата за пријавено оружје од Д категорија и печат на надлежниот орган за одјавување и поништување на потврдата за пријавено оружје од Д категорија (Образец број 18).

Член 14

Образецот на потврдата за огнено оружје што е трајно онеспособено за употреба е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 х 30 сантиметри.

Во потврдата од став 1 на овој член се запишуваат податоците за: имателот на огненото оружје што е трајно онеспособено за употреба (физичко или правно лице); трговското друштво кое ја извршило техничката постапка за трајно онеспособување на оружјето; техничката постапка со која огненото оружје е трајно онеспособено за употреба; оружјето кое е трајно онеспособено за употреба (категорија, тип, односно вид, калибар и фабрички број); исправа за оружјето (регистарски број, датум на издавање и вид на дозволата); потпис на овластеното лице на комисијата на надлежниот орган за издавање на потврдата за огнено оружје што е трајно онеспособено за употреба и печат на надлежниот орган за издавање на потврда за огнено оружје што е трајно онеспособено за употреба (Образец број 19).

Член 15

Образецот на одобрението за производство, поправање, промет или превоз на оружје и муниција е составен од 7 посебни обрасци и тоа од: одобрение за производство на оружје, одобрение за производство на муниција, одобрение за поправање на оружје, одобрение за промет со оружје, муниција и делови за оружје, одобрение за превоз на оружје и муниција при увоз, одобрение за превоз на оружје и муниција при извоз и одобрение за превоз на оружје и муниција.

Образецот на одобрението за производство на оружје е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 х 30 см и содржи две нумерирани страници. Во одобрението, на првата страница се запишуваат податоци за: трговското друштво што врши производство на оружје; одговорното лице во трговското друштво; основачите на трговското друштво, објектот каде се врши производството на оружје и податоци за оружјето што може да се произведува. Втората страница содржи образложение, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 20).

Образецот на одобрението за производство на муниција е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 x 30 см и содржи две нумерирани страници. Во одобрението, на првата страница се запишуваат податоци за: трговското друштво што врши производство на муниција; одговорното лице во трговското друштво; основачите на трговското друштво, објектот каде се врши производството на муницијата и податоци за муницијата што може да се произведува. Втората страница содржи образложение, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 21).

Образецот на одобрението за поправање на оружје е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 x 30 см и содржи две нумерирани страници. Во одобрението, на првата страница се запишуваат податоци за: трговското друштво што врши поправање на оружје; одговорното лице во трговското друштво; основачите на трговското друштво, објектот каде се врши поправање на оружјето и податоци за оружјето што може да се поправа. Втората страница содржи образложение, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 22).

Образецот на одобрението за промет со оружје, муниција и делови за оружје е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 x 30 см и содржи две нумерирани страници. Во одобрението, на првата страница се запишуваат податоците за: трговското друштво што врши промет со оружје, муниција и делови за оружје; одговорното лице во трговското друштво; основачите на трговското друштво; објектот каде се врши промет со оружје, муниција и делови за оружје. Втората страница содржи образложение, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 23).

Образецот на одобрението за превоз на оружје и муниција при увоз е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 x 30 см. Одобрението содржи референтен број на лиценца, датум и место на издавање на одобрението, податоци за примачот/увозникот на оружјето и/или муницијата, испраќачот/извозникот на оружјето и/или муницијата, земја на поаѓање/извоз, земја на намена/увоз, влезен граничен премин и релација, податоци за превозникот, возачот, податоци за транспортот, податоци за оружјето и/или муницијата за кои се врши превоз при увоз, предвидено е место за евентуални мерки за безбедност при превозот, рок на важност на одобрението, образложение, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 24).

Образецот на одобрението за превоз на оружје и муниција при извоз е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 x 30 см. Одобрението содржи референтен број на лиценца, датум и место на издавање на одобрението, податоци за испраќачот/извозникот на оружјето и/или муницијата, примачот/увозникот на оружјето и/или муницијата, земја на поаѓање/извоз, земја на намена/увоз, излезен граничен премин и релација, податоци за превозникот, возачот, податоци за транспортот, податоци за оружјето и/или муницијата за кои се врши превоз при извоз, предвидено е место за евентуални мерки за безбедност при превозот, рок на важност на одобрението, образложение, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 25).

Образецот на одобрението за превоз на оружје и муниција е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 x 30 см. Одобрението содржи податоци за примачот, испраќачот на оружјето и муницијата, превозникот, возачот, видот на транспортот, релацијата, податоци за оружјето и/или муницијата за кои се врши превоз, како и предвидено е место за евентуални мерки за безбедност при превозот, рок на важност на одобрението, образложение, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 26).

Член 16

Образецот на одобрението за пренесување (трансфер) на оружје и муниција е составен од 3 посебни обрасци и тоа од: одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и

муниција при увоз, одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при извоз и одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција.

Образецот на одобрението за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 х 30 см. Одобрението содржи референтен број на лиценца, датум и место на издавање на одобрението, податоци за примачот/увозникот на оружјето и/или муницијата, испраќачот/извозникот на оружјето и/или муницијата, земја на поаѓање/извоз, земја на намена/увоз, податоци за оружјето и/или муницијата за кои се врши пренесување (трансфер) при увоз, рок на важност на одобрението, образложение, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 27).

Образецот на одобрението за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при извоз е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 х 30 см. Одобрението содржи референтен број на лиценца, датум и место на издавање на одобрението, податоци за испраќачот/извозникот на оружјето и/или муницијата, примачот/увозникот на оружјето и/или муницијата, земја на поаѓање/извоз, земја на намена/увоз, податоци за оружјето и/или муницијата за кои се врши пренесување (трансфер) при извоз, рок на важност на одобрението, образложение, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 28).

Образецот на одобрението за пренесување (трансфер) на оружје и муниција е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 х 30 см. Одобрението содржи податоци за примачот, испраќачот на оружјето и муницијата, податоци за оружјето и/или муницијата за кои се врши пренесување (трансфер), рок на важност на одобрението, образложение, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 29).

Член 17

Образецот на потврдата (сертификат) за краен корисник е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 х 30 см. Потврдата содржи податоци за увозникот (точка 1), извозникот (точка 2), крајниот корисник (доколку е различен од увозникот) (точка 3), договорот или фактурата (точка 4), опис на стоката и количина (точка 5). Точките 6-9 содржат напомени. По точката 9, предвидена е рубрика која ја потполнува увозникот или крајниот корисник (доколку е различен од увозникот) и содржи место за датум, име и функција, како и потпис и печат и рубрика за заверка на потврдата од надлежниот орган која содржи место за датум, име и функција , како и потпис, печат и рок на важност (Образец број 30).

Член 18

Образецот на одобрението за набавување и изнесување на оружје и муниција од Република Македонија е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 х 30 см и содржи две нумерирани страници.

Во одобрението од ставот 1 на овој член се запишуваат податоците за: физичкото лице на кое му се одобрува набавување и изнесување на оружје и муниција од Република Македонија (државјанин на Република Македонија или странец); оружјето, односно муницијата што се набавува и изнесува; граничниот премин каде оружјето и муницијата се изнесува од Република Македонија и називот на државата во која се внесува оружјето и муницијата, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган.

Во одобрението од ставот 1 на овој член, во долниот дел е содржана потврда, во која трговското друштво регистрирано за промет со оружје, делови за оружје и муниција ги запишува своите податоци и податоците за: физичкото или правното лице на кое му е продадено оружје, делови за оружје и муниција; бројот на одобрението; оружјето, делови

за оружје и муниција кое е купено; датум и место на пополнување на потврдата, како и место за печат и потпис на продавачот на трговското друштво (Образец број 31).

Член 19

Образецот на одобрението за внесување на оружје и муниција е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 х 30 см.

Во одобрението од ставот 1 на овој член се запишуваат податоците за: физичкото лице на кое му е одобрено внесување на оружје и муниција; регистарски број на дозволата за оружје издадена од надлежен орган на друга држава; оружјето и муницијата кое се внесува, место за напомена, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 32).

Член 20

Образецот на одобрението за внесување и носење на оружје и муниција издадено од дипломатско-конзуларното претставништво е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 х 30 см.

Во одобрението од ставот 1 на овој член се запишуваат податоците за: физичкото лице на кое му се одобрува внесување и носење на оружје; регистарскиот број на дозволата за оружје издадена од надлежен орган на друга држава; граничниот премин каде се внесува и изнесува оружјето и муницијата; оружјето, односно муницијата која се внесува и носи, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 33).

Член 21

Образецот на одобрението за поседување и носење на ловечко оружје за време на лов во државата е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 х 30 см и содржи две нумерирани страници.

Во одобрението од ставот 1 на овој член се запишуваат податоците за: физичкото лице на кое му се одобрува носење на ловечко или спортско оружје; ловечкото друштво; регистарски број на дозволата за ловечкото оружје; подрачјето на кое се врши ловот; рок на важење на одобрението; оружјето што се носи, односно пренесува во Република Македонија, патната исправа во која се запишани ловечкото оружје и муницијата, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 34).

Член 22

Образецот на одобрението за пренесување на спортско оружје е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 х 30 см.

Во одобрението од ставот 1 на овој член се запишуваат податоците за: физичкото лице или стрелачката организација на кои им се одобрува пренесување на спортското оружје преку државната граница; за бројот на членовите на стрелачката организација; местото и датумот на одржување на спортскиот натпревар или подготовките; граничниот премини каде се изнесува и внесува спортското оружје и муницијата; спортското оружје и муницијата што се пренесува, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 35).

Член 23

Одобренијата за транзит на оружјето и муницијата се составени од 2 посебни обрасци и тоа: одобрението за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при транзит и одобрение за превоз на оружје и муниција при транзит.

Образецот на одобрението за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при транзит е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 х 30 см. Одобрението содржи референтен број на лиценца, датум и место на издавање на одобрението, податоци за генералниот застапник кој го врши пренесувањето (трансферот) на оружјето и муницијата, земја на поаѓање/извоз, земја на намена/увоз, податоци за испраќачот/извозникот и примачот/увозникот помеѓу кои се врши пренесувањето (трансферот) на оружјето и муницијата, податоци за оружјето и/или муницијата за кои се врши пренесување (трансфер), рок на важност на одобрението, образложение, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 36).

Образецот на Одобрението за превоз на оружје и муниција при транзит е изработен на хартија во бела боја со димензии 21 х 30 см. Одобрението содржи референтен број на лиценца, датум и место на издавање на одобрението, податоци за генералниот застапник кој го врши превозот при транзит на оружјето и муницијата, земја на поаѓање/извоз, земја на намена/увоз, податоци за испраќачот/извозникот и примачот/увозникот помеѓу кои се врши превозот при транзит на оружјето и/или муницијата, влезен граничен премин, релација, излезен граничен премин, податоци за превозникот, возачот, податоци за транспортот, податоци за оружјето и/или муницијата за кои се врши превоз при транзит, предвидено е место за евентуални мерки за безбедност при превозот, рок на важност на одобрението, образложение, како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 37).

Член 24

Образецот на одобрението за основање на цивилни стрелишта е изработен на хартија во бела боја и е со димензии 21 х 30 см.

Во одобрението од ставот 1 на овој член се запишуваат податоците за: правните лица кои ги основаат цивилните стрелишта; одговорното лице и основачите на правното лице што ги основаат цивилните стрелишта; видот на цивилните стрелишта, седиштето на објектите каде се вршат спортско-рекреативни вежби во гаѓање и практично оспособување за ракување со оружје, образложение како и место за печат и потпис на овластеното лице на надлежниот орган (Образец број 38).

Член 25

За издадените одобренија, потврди и дозволи за оружјето и муницијата, како и за поднесените барања во Министерството за внатрешни работи се водат евиденции во вид на регистри, кои се состојат од:

1. Регистар на издадени одобренија за набавување на оружје, делови за оружје и муниција;
2. Регистар на поднесените барања за регистрирање на оружјето;
3. Регистар на барања за заменување на постојните дозволи;
4. Регистар на издадени дозволи за оружје;
5. Регистар на издадени дозволи за поседување на оружје;
6. Регистар на издадени дозволи за носење на оружје;
7. Регистар на издадени потврди за поседување на оружје;
8. Регистар на издадени одобренија за набавување на колекционерско оружје;
9. Регистар на поднесени барања за регистрирање на колекционерско оружје;
10. Регистар на издадени дозволи за колекционерско оружје;
11. Регистар на колекционери;
12. Регистар на пријавено оружје од категорија;
13. Регистар на одземено, пронајдено и предадено оружје и муниција;

14. Регистар на издадени одобренија за производство на оружје и муниција и поправање на оружје;

15. Регистар на издадени потврди за огнено оружје што е трајно онеспособено за употреба;

16. Регистар на издадени одобренија за промет;

17. Регистар на издадени одобренија за пренесување на оружје (трансфер);

18. Регистар на издадени одобренија за превоз;

19. Регистар на издадени одобренија за основање на цивилни стрелишта;

20. Регистар на издадени одобренија за набавување и изнесување на оружје и муниција од државата, одобренија за внесување на оружје и муниција, одобренија за внесување на оружје и муниција издадено од дипломатско-конзуларни претставништва, одобренија за поседување и носење на ловечко оружје за време на лов во државата и одобренија за пренесување на спортско оружје и

21. Регистар на издадени одобренија за транзит на оружјето и муницијата.

Регистрите од ставот 1 на овој член се водат во укоричена книга со страници со димензии 300 мм висина и 400 мм должина на која на насловната страна во левиот горен агол пишува: „Република Македонија-Министерство за внатрешни работи“, а во средината називот на секој од регистрите.

Секоја страна од регистрите има реден број напишан со арапски броеви, по растечка големина.

Регистрите од ставот 1 на овој член се водат рачно или преку систем за автоматска обработка на податоци.

Член 26

Регистарот на издадени одобренија за набавување на оружје, делови за оружје и муниција ги содржи следните рубрики: реден број, подносител на барање, број на одобрение за набавување на оружје, делови за оружје и муниција, оружје, делови за оружје, муниција и забелешка (Образец број 39).

Во образецот на регистарот од ставот 1 на овој член се запишуваат следните податоци: во рубриката „Реден број“ се запишува редниот број на уписот; во рубриката „Подносител на барање“ се запишуваат името и презимето, живеалиштето, односно престојувалиштето и ЕМБГ за физичкото лице, односно фирмата, седиштето и даночниот број за правното лице; во рубриката „Број на одобрение за набавување на оружје, делови за оружје и муниција“ се запишува бројот на издаденото одобрение за набавување на оружје, делови за оружје и муниција; во рубриката „Оружје“ се запишуваат категоријата, тип, односно вид, марката, калибарот, моделот и фабричкиот број на оружјето; во рубриката “Делови за оружје“ се запишуваат промените на главните делови на оружјето; во рубриката „Муниција“ се запишува количината на муницијата и во рубриката „Забелешка“ се запишуваат промените што се од значење за промена на податоците кои се претходно запишани во регистрите.

Член 27

Регистарот на поднесени барања за регистрирање на оружјето ги содржи следните рубрики: реден број, датум и место на поднесување на барањето, подносител на барањето, број и датум на одобрението за набавување на оружје или одобрението за набавување на делови за оружје, оружје, делови за оружје и забелешка (Образец број 40).

Во образецот на регистарот од ставот 1 на овој член се запишуваат следните податоци: во рубриката „Реден број“ се запишува редниот број на уписот; во рубриката „Датум и место на поднесување на барањето“ се запишува датумот на поднесување на барањето за регистрирање на оружјето или делови за оружје и организациониот облик на надлежниот

орган каде е поднесено барањето; во рубриката „Подносител на барањето“ се запишуваат името и презимето, живеалиштето, односно престојувалиштето и ЕМБГ за физичкото лице, односно фирмата, седиштето и даночниот број за правното лице; во рубриката „Број и датум на одобрението за набавување на оружје или делови за оружје; се запишува бројот и датумот на издавање на одобрението за набавување на оружје или бројот и датумот на изадавање на одобрението за набавување на делови за оружје во рубриката „Оружје“ се запишуваат категоријата, тип, односно вид, марката, калибарот, моделот и фабричкиот број на оружјето; во рубриката “Делови за оружје“ се запишуваат промените на главните делови на оружјето и во рубриката „Забелешка“ се запишуваат промените што се од значење за промена на податоците кои се претходно запишани во регистрите.

Член 28

Регистарот на барања за заменување на постојните дозволи за оружје ги содржи следните рубрики: реден број, датум и место на поднесување на барањето, подносител на барање, регистарски број на дозволата за оружје, оружје и забелешка (Образец број 41).

Во образецот на регистарот од ставот 1 на овој член се запишуваат следните податоци: во рубриката „Реден број“ се запишува редниот број на уписот; во рубриката „Датум и место на поднесување на барањето“ се запишува датумот на поднесување на барањето за заменување на постојните дозволи за оружјеи организациониот облик на надлежниот орган каде е поднесено барањето; во рубриката „Подносител на барање“ се запишуваат името и презимето, живеалиштето, односно престојувалиштето и ЕМБГ за физичкото лице, односно фирмата, седиштето и даночниот број за правното лице; во рубриката „Регистарски број на дозволата за оружје“ се запишуваат регистарскиот број на постојните дозволи за оружје; во рубриката „Оружје“ се запишуваат категоријата, тип, односно вид, марката, калибарот, моделот и фабричкиот број на оружјето и во рубриката „Забелешка“ се запишуваат промените што се од значење за промена на податоците кои се претходно запишани во регистрите.

Член 29

Регистарот на издадени дозволи за оружје ги содржи следните рубрики: реден број, датум на дозволата за оружје, рок на важење на дозволата за оружје, физичко лице, оружје, делови за оружје, муниција и забелешка (Образец број 42).

Во образецот на регистарот од ставот 1 на овој член се запишуваат следните податоци: во рубриката „Реден број“ се запишува редниот број на уписот; во рубриката „Датум на дозволата за оружје“ се запишува датумот на издавање на дозволата за оружје; во рубриката „Рок на важење на дозволата за оружје“ се запишува рокот на важење на дозволата за оружје; во рубриката „Физичко лице“ се запишуваат името и презимето, живеалиштето, односно престојувалиштето и ЕМБГ; во рубриката „Оружје“ се запишуваат категоријата, типот, односно видот, марката, калибарот и фабричкиот број на оружјето; во рубриката „Делови за оружје“ се запишува промената на главните делови на оружјето; во рубриката „Муниција„ се запишува количината на набавената муниција и во рубриката „Забелешка„ се запишуваат промените што се од значење за промена на податоците кои се претходно запишани во регистрите.

Член 30

Регистарот на издадени дозволи за поседување на оружје ги содржи следните рубрики: реден број, датум на дозволата за поседување на оружје, рок на важење на дозволата за поседување на оружје, правно лице, оружје, делови за оружје, муниција и забелешка (Образец број 43).

